З А П И С Н И К
од Триесет и првата седница на Владата на Република Македонија,
одржана на 10.10.2017 година

Скопје, октомври 2017 година

**З А П И С Н И К**
**од Триесет и првата седница на Владата на Република Македонија,**
**одржана на 10.10.2017 година**

Седницата започна во 12:20 часот.

На седницата претседаваше заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за внатрешни работи, Оливер Спасовски.

На седницата присуствуваа заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија и министер за одбрана, м-р Радмила Шекеринска-Јанковска, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за спроведување на Рамковниот договор и политички систем, Хазби Лика, членовите на Владата на Република Македонија Билен Саљији, министер за правда, д-р Драган Тевдовски, министер за финансии, д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука, Сухејл Фазлиу, министер за локална самоуправа, м-р Роберт Алаѓозовски, министер за култура, Дамјан Манчевски, министер за информатичко општество и администрација, м-р Горан Сугарески, министер за транспорт и врски, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации, отчетност и транспарентност, Едмонд Адеми, министер без ресор, задолжен за дијаспора, д-р Аднан Ќахил, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции, Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Зорица Апостолска министер без ресор, задолжен за странски инвестиции и д-р Зоран Шапуриќ, министер без ресор задолжен за регулатива за подобрување на инвестиционата клима за домашните претпријатија и генералниот секретар на Владата на Република Македонија, д-р Драги Рашковски и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Македонија, Тахир Хани.
На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на Република Македонија на седницата присуствуваа и д-р Арта Точи, заменик на министерот за надворешни работи, д-р Ширете Елези, заменик на министерот за финансии, м-р Кире Наумов, заменик на министерот за економија, Власте Димковиќ, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Гоце Чакаровски, заменик на министерот за здравство, д-р Елми Азири, заменик на министерот за труд и социјална политика.
На седницата присуствуваа и Пеце Мирчески, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија, Миле Бошњаковски, портпарол на Владата на Република Македонија, Сања Лукаревска, директор на Управата за јавни приходи, Ѓоко Танасоски, директор на Царинската управа, Христијан Трајковски, директор на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со

деловен простор од значење за Републиката - Скопје, Зоран Ѓоргиев, директор на ЈП Македонски шуми - Скопје, Александар Донев, директор на Агенцијата за промоција на туризмот на Република Македонија, Фирус Мемед, заменик на директорот на Агенцијата за храна и ветеринарство, Магдалена Филиповска Грашковска, претседателот на Инспекцискиот совет, Александар Петровски, директор на Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ - Скопје, Аднан Цафероски, директор на Дирекцијата за заштита и спасување, претставник од Центарот за управување со кризи, претставник од Град Скопје, претставник од Државното правобранителство на Република Македонија, претставник од Друштво за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала Борис Трајковски ДООЕЛ - Скопје, Дончо Наумовски, директор на Управата за заштита на културното наследство и Јован Деспотовски, директор на Фондот за иновации и технолошки развој.

Од седницата отсуствуваше претседателот на Владата на Република Македонија, Зоран Заев, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за европски прашања, д-р Бујар Османи, заменикот на претседателот на Владата на Република Македонија, задолжен за економски прашања и за координација на економските ресори, д-р Кочо Анѓушев и членовите на Владата на Република Македонија, м-р Никола Димитров, министер за надворешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, Мила Царовска, министер за труд и социјална политика, Садула Дураки, министер за животна средина и просторно планирање, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, д-р Арбен Таравари, министер за здравство и д-р Рамиз Мерко, министер без ресор, задолжен за странски инвестиции.

*

* *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

✓ Усвојување на Записникот од 29-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.9.2017 година

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД

- Состојби и напредок во процесот на европска интеграција

## А) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ВОДИ РАСПРАВА И СЕ ОДЛУЧУВА

### а) гости

1. Информација за статусот на реализација на Акцискиот план за скратување на времето на плаќање на даноци од постојните 119 часа на помалку од 90 часови односно намалување за 25 проценти

2. Информација за прогресот на проектот „Листа на должници“, за периодот април - јуни 2017 година и за спроведени законски постапки кај даночните должници од Листа на должници број 04/2017 кои се повторуваат во Листа на должници број 07/2017 и должници кои се објавени во Листа на должници број 07/2017, а не се објавени на Листа на должници број 04/2017

3. Информација за начинот на поднесување на барањето од страна на Царинската управа на Република Македонија за одобрение за градба на дел од заедничкиот објект кој треба да биде изграден на територија на Република Македонија на заедничкиот граничен премин за меѓународен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово Белановце-Станчиќ

4. Информација во врска со изградбата на објектот Национална арена Филип II Македонски

5. Информација за потребата од давање на користење на движни ствари - специјални теренски возила за гаснење на пожари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, со Предлог-одлука

6. Барање за добивање согласност за основање на автокамп, со Предлог-одлука

7. Предлог-програма за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2017 година

8. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, со Предлог-одлука

9. Извештај за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за втор квартал од 2017 година

10. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на отворен базен во комплексот на спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје“

11. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Затворена тениска арена со гимнастичка сала и сала за боречки спортови во Спортскиот центар „Борис Трајковски“ - Скопје“

12. Информација за измената на Финансискиот план (Програмата за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, со пречистен текст на Финансиски план

13. Информација за пресек на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје до денот на именувањето на вршителот на должност управител Александар Петровски - 3.8.2017 година, согласно сметководствената состојба на Друштвото

14. Информација за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Комплетно реновирање на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје“ (статус: август 2017 година)

15. Информација за состојбите во врска со донесениот Правилник за мерките за заштита од пожар и експлозии, со Предлог-правилник за изменување на Правилник за мерките за заштита од пожар и експлозии, во итна постапка, со цел одложување на примената

16. Информација за состојбите во врска со потребата за дислоцирање на експлозивен и опасен материјал на безбедна локација со предлози за донесување на соодветна сопственичка исправа и заклучоци и предлог - мерки за постапување на други надлежни органи

17. Информација за донесување на решение за именување на членови на Групата за процена, со Предлог-решение

18. Информација по повод судската постапка пред Судот за работни односи во Анкара, за избор на адвокатска канцеларија

19. Предлог-одлука за прогласување на Спомен - куќата на Лазар Личеноски во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

20. Предлог-одлука за прогласување на Црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во с. Младо Нагоричане, општина Старо Нагоричане, за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење

21. Информација во врска со статусот со четвртиот јавен повик за финансирање на проекти во рамки на два инструменти на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог решенија за отворени прашања

**б) економски систем и тековна економска политика**

22. Информација во врска со барањето на компанијата Димче Мирчев АД - Велес, за упис на експлоатационо поле согласно рударските проекти за рудник „Извор" и рудник „Крнино" за експлоатација на талк, Општина Чашка, а не на целиот концесиски простор утврден и доделен со договорите за концесија и други концесии за експлоатација на минерални суровини за кои има проблем при запишувањето на експлоатациното поле во Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение во Велес

23. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Црвени Брегови 2" општина Неготино; „Пополчани 2" општина Кичево; „Косовица" с. Узем општина Крива Паланка; „с. Беловодица" општина Прилеп и „с. Карамани" општина Битола по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија" бр.177/16), со Предлог-одлука и текст на Тендерска документација и Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 2/2017

24. Информација за Национална стратегија за индустриска сопственост на Република Македонија 2016 - 2018 година, со текст на Национална стратегија и Акциски план за спроведување на Националната стратегијата

25. Информација во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок на локалитетот с. Стримница општина Желино, со Предлог-одлуки

26. Информација во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Страгомиште", Општина Кичево

27. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „с. Летевци“ општина Петровец, со Предлог-одлуки

28. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Бадар-Лака“ општина Петровец, со Предлог-одлука

29. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - травертин на локалитетот „Милеви Ниви“ с. Врпско Општина Прилеп, со Предлог-одлуки

30. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Орловац Поле“ општина Куманово, со Предлог-одлуки

31. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Дрење“, општина Петровец, со Предлог-одлука

32. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Горна Краста“ општина Струга, со Предлог-одлуки

33. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Славеј“ Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, со Предлог-одлука

34. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Преслоп“ општина Прилеп, со Предлог-одлуки

35. Информација за потребата од потпишување на Анекс бр.2 кон Договорот за градба бр. 09-25365/1 од 1.8.2012 година за изградба на нова автопатска делница Демир Капија - Смоквица, како дел од Пан - Европскиот Коридор 10 и Анекс кон Договорот за надзор бр.09-24859/1 од 4.7.2012 година

36. Информација за донесување на правилник за изменување на Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство, со Предлог-одлука

37. Информација за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотациите за општините

38. Информација за степенот на имплементација на реформските мерки во областа на енергетиката

**в) политички систем**

39. Извештај за учеството на припадник на Армијата на Република Македонија во мировната операција Алтеа во Босна и Херцеговина, во периодот декември 2016 - јуни 2017 година

40. Информација за зголемување на придонесот на Република Македонија во операцијата на ООН - УНИФИЛ во Либан, во заеднички контингент со Република Италија

**г) човечки ресурси и одржлив развој**

41. Предлог-методологија за изменување на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите

42. Предлог-програма за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2017 година

43. Предлог-програма за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија во 2017 година

44. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2017 година

45. Предлог-програма за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2017 година

46. Информација за прогрес на активностите во врска со Проектот за изградба на спортска сала за потребите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид

47. Информација за потпишување на Декларација за намери во врска со Иницијативата за основање на Меѓународен институт за одржливи технологии на територијата на Југоисточна Европа, со текст на Декларација

48. Информација за измена на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со текст на Оперативен план

## Б) МАТЕРИЈАЛИ ЗА КОИ СЕ ОДЛУЧУВА БЕЗ РАСПРАВА

### а) економски систем и тековна економска политика

49. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2017 година

50. Предлог-одлука за едностран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Драчево", општина Аеродром

51. Предлог-одлука за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Чајле", Општина Гостивар на Акционерското друштво за производство на неметални минерали „Силика - рудник Чајле", с. Чајле, Гостивар

52. Предлог-одлука за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Галабовец - Нови Присад", општина Прилеп од Трговското друштво за производство, трговија и услуги Орто Мермери ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје

### б) политички систем

53. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на недвижна ствар на Општина Струмица

54. Барање на Фатима Саеед Мохамед Алкемзи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

55. Барање на Кхалифа Аднан Али Рашид Алабаар, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

56. Барање на Аднан Али Расхид Алаббар Алаббар, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

57. Барање на Момен Абдо Схамакх Нассер за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

58. Барање на Мохаммед Абдо Схамакх Нассер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија

59. Барање на Абдосхамакх Нассер Ахмед Нассер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија

60. Барање на Мунна Абдо Шамакх Нассер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

61. Барање на Фатемах Абдулкарим Алмасс Џаффар, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија

**в) човечки ресурси и одржлив развој**

62. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Медицинскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" - Скопје

63. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје

**г) предлози по кои Владата дава мислење**

**(а) по барање на Собранието на Република Македонија**

64. Предлог-закон за остварување право на пензија за работниците во рударството, поднесен од група пратеници

65. Предлог-закон за издавање на вредносни бонови - ваучери, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

66. Барање за давање на автентично толкување на членовите 1 и 2 од Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Крива Паланка

**(б) по барање на органи, организации и други правни лица**

67. Решение на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.29/2015 донесено на седницата одржана на 21 јуни 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 175 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015).

68. Понуда од нотар Ристо Папазов за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.53378 за КО Карпош на КП 3327 викано место/улица ул. Прашка

69. Понуда од нотар Славчо Алексов од Виница за продажба на недвижен имот, земјиште кое претставува 2/5 идеален дел од КП 7611, КО Блатец, евидентиран во Имотен лист бр.2122

70. Понуда од нотар Славчо Алексов од Виница за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.83885 за КО Виница на КП 10037/2

71. Понуда од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 4187 за КО Брњарци на КП бр.269

72. Известување од извршител Зоран Петрески за заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179, став 1 и член 181, став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр.4370/15

**д) други предлози**

73. Кадровски прашања

74. Прашања и предлози

В) ЗА ИНФОРМИРАЊЕ

75. Информација во врска со можноста за изменување на законските одредби од член 66 од Законот за хемикалии што се однесува на точно дефиниран стручен кадар од соодветната област кој треба да се вработи за да се добие одобрение за вршење дејност промет на големо со хемикалии

76. Извештај за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година

77. Информација во врска со полугодишниот Финансиски и Оперативен извештај за аеродромите „Александар Велики“ - Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид, на ТАВ Македонија ДООЕЛ, за периодот јануари - јуни 2017 година

78. Информација за квалитет на воздухот во Република Македонија за август 2017 година

79. Среднорочен извештај за самооценување - Акциски план за Отворено владино партнерство за 2016-2018 година

**Г) ДОПОЛНИТЕЛНИ ТОЧКИ**

80. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан

81. Информација за учество на македонската делегација на 3-от Министерски Форум за културна соработка меѓу НР Кина и земјите од ЦИЕ во Хангџоу, Кина (процес 16+1) и иницијативата за основање на Координативниот центар за културна соработка со седиште во Скопје

82. Информација за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање, со цел придонес во надминување на состојбите поврзани со работењето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЈУГОХРОМ АЛЗАР ДООЕЛ Јегуновце, со текст на Меморандум

83. Информација за потребата од реалокација на ИПА средства од приоритетна оска 2, 3 и 4 во приоритетна оска 1, во рамки на Оперативната програма за регионален развој 2007-2013, со Ревидиран финансиски план

84. Информација за распределба на средствата од буџетската ставка на Министерство за транспорт и врски на име „капитални дотации до единиците на локалната самоуправа, потпрограма - поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите“, за 2017 година

*

*        *

Владата без забелешки го усвои Записникот од 29-та седница на Владата на Република Македонија, одржана на 26.9.2017 година

*

*        *

ПРЕД ПРЕМИНУВАЊЕ НА ДНЕВЕН РЕД:

- **Состојби и напредок во процесот на европска интеграција**

Владата го разгледа Фактографскиот преглед на статусот на имплементација на мерките предвидени во Планот 3-6-9 и го усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерство за надворешни работи, Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Министерство за финансии, Министерство за правда и Министерство за информатичко општество и администрација, Роберт Поповски, министер без ресор, задолжен за комуникации отчетност и транспарентност и Генералниот секретаријат на Владата на Република Македонија да ги прегледаат препораките од Извештајот на групата високи експерти предводена од Рајнхард Прибе и доколку проценат дека дел од препораките не се соодветно адресирани во Табелата за 6 и 9, истата да ја дополнат и достават до Секретаријатот за европски прашања, најдоцна до 12.10.2017 година до 12 часот.

2. Се задолжува Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија да се консултира со Кабинетот на претседателот на Собранието на Република Македонија за моделот за консултација со опозицијата по однос на Планот 3-6-9.

3. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија и Секретаријатот за европски прашања да организираат консултативна средба со репрезентативен број на граѓански организации во однос на Планот 3-6-9.

Истовремено, Владата заклучи министерствата кои не доставиле во рок од една недела до Секретаријатот за европски прашања да достават одговори на прашањата на Европската комисија на македонски и на англиски јазик.

*
*   *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

## Точка 1

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на реализација на Акцискиот план за скратување на времето на плаќање на даноци од постојните 119 часа на помалку од 90 часови односно намалување за 25 проценти и ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии - Управата за јавни приходи да ја достави Информацијата за статусот на реализација на Акцискиот план за скратување на времето на плаќање на даноци од постојните 119 часа на помалку од 90 часови односно намалување за 25 проценти најдоцна до 31.10.2017 година.

**Точка 2**

Владата ја разгледа Информацијата за прогресот на проектот „Листа на должници“, за периодот април - јуни 2017 година и за спроведени законски постапки кај даночните должници од Листа на должници број 04/2017 кои се повторуваат во Листа на должници број 07/2017 и должници кои се објавени во Листа на должници број 07/2017, а не се објавени на Листа на должници број 04/2017, ја усвои Информацијата и го задолжи Министерството за финансии - Управа за јавни приходи најдоцна до 31.7.2018 година до Владата да достави информација за прогресот на проектот „Листа на должници" за периодот јули - декември 2017 година и јануари - јуни 2018 година.

**Точка 3**

Владата ја разгледа Информацијата за начинот на поднесување на барањето од страна на Царинската управа на Република Македонија за одобрение за градба на дел од заедничкиот објект кој треба да биде изграден на територија на Република Македонија на заедничкиот граничен премин за меѓународен сообраќај меѓу Република Македонија и Република Косово Белановце-Станчиќ (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 4**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со изградбата на објектот Национална арена Филип II Македонски, како материјал за информирање.

**Точка 5**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од давање на користење на движни ствари - специјални теренски возила за гаснење на пожари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за престанок и давање на времено користење на движни ствари на Јавното претпријатие за стопанисување со државните шуми „Македонски шуми“ - Скопје, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство во соработка со Дирекцијата за заштита и спасување во рок од една недела да подготви Предлог-правилник за дополнување на Правилникот за посебни мерки за заштита на шумите од пожари бр.82 од 2015 година во насока специјалните теренски возила за гаснење пожари да се предвидат како минимални технички средства, алатки и друга опрема за гаснење на шумски пожари.

**Точка 6**

Владата по Барањето за добивање согласност за основање на автокамп, со Предлог-одлука, ја донесе Одлуката за давање согласност за основање на автокамп во општина Велес (нов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 7</u>**

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за користење на средства за здравствена заштита на животните во 2017 година (нов текст), во предложениот текст.

**<u>Точка 8</u>**

Владата по Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, со Предлог-одлука ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за посебните барања за храната од животинско потекло, во предложениот текст.

**<u>Точка 9</u>**

Владата ги разгледа Извештајот за работа на Инспекцискиот совет и Информацијата за работа на инспекциските служби за втор квартал од 2017 година, како материјал за информирање.

**<u>Точка 10</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Изградба на отворен базен во комплексот на спортскиот центар „Борис Трајковски“ во Скопје“, како материјал за информирање.

**<u>Точка 11</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Затворена тениска арена со гимнастичка сала и сала за боречки спортови во Спортскиот центар „Борис Трајковски“ - Скопје“, како материјал за информирање.

**<u>Точка 12</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за измената на Финансискиот план (Програмата за работа) на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје за 2017 година, со пречистен текст на Финансиски план, како материјал за информирање.

**<u>Точка 13</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за пресек на работењето на Друштвото за изградба, управување и издавање на повеќенаменска сала „Борис Трајковски“ ДООЕЛ Скопје до денот на именувањето на вршителот на должност управител Александар Петровски - 3.8.2017 година согласно сметководствената состојба на Друштвото, како материјал за информирање.

**Точка 14**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за текот и прогресот на активностите во врска со проектот „Комплетно реновирање на Градската библиотека „Браќа Миладиновци“ во Скопје“ (статус: август 2017 година), како материјал за информирање.

**Точка 15**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за состојбите во врска со донесениот Правилник за мерките за заштита од пожар и експлозии, со Предлог-правилник за изменување на Правилник за мерките за заштита од пожар и експлозии, во итна постапка, со цел одложување на примената и го усвои со следниов заклучок:

- Се задолжува Секретаријатот за европски прашања најдоцна до 1.11.2017 година да ја извести Владата за можноста преку проект да се иницираат активности за обезбедување на странски експерти кои ќе помогнат во подготвувањето на нов закон за заштита од пожари и соодветна подзаконска регулатива.

**Точка 16**

Владата ја разгледа Информацијата за состојбите во врска со потребата за дислоцирање на експлозивен и опасен материјал на безбедна локација со предлози за донесување на соодветна сопственичка исправа и заклучоци и предлог - мерки за постапување на други надлежни органи и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжува Дирекцијата за заштита и спасување, во соработка со претставник на Државното правобранителство на Република Македонија, овластен да пристапи кон потпишување на записникот за преземање на предметните движни ствари, да организираат и прибават соодветна исправа пред надлежен нотар.

2. Се задолжува Државното правобранителство на Република Македонија, по добиено позитивно мислење од Министерството за правда, да овласти претставник да пристапи кон потпишување на записник за преземање движни ствари, како имот на Република Македонија.

3. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање, врз основа на документацијата, што од страна на Дирекцијата за заштита и спасување е

доставена во прилог на оваа информација, да определи безбедна локација за уништување на предметните експлозивни и опасни движни ствари.

За локалитетот кој за оваа намена ќе се определи веднаш да ја информира Дирекцијата за заштита и спасување, Министерството за одбрана и Дирекцијата за радијациона сигурност.

4. Се задолжуваат Дирекцијата за заштита и спасување, Дирекцијата за радијациона сигурност и Министерството за одбрана да формираат експертски тим кој по извршен увид во предметните движни ствари ќе подготви информација за можностите за целосно или етапно уништување на предметните движни ствари, односно да посочи дали постои можност за нивна употреба, без да се оди кон уништување на истите.
Експертскиот тим да изготви и преглед на трошоци за транспорт и уништување на движните ствари, по добивањето информација за предложениот локалитет од Министерството за животна средина и просторно планирање.

5. Се задолжува Министерството за здравство да определи тим за прва помош за асистирање, по добиена информација за датумот и местото на постапување.
Истовремено, Владата заклучи предлагачот на материјалот да го усогласи текстот на Информацијата согласно заклучоците.

## Точка 17

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на решение за именување на членови на Групата за процена, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за именување членови на Групата за процена, во предложениот текст.

## Точка 18

Владата ја разгледа Информацијата по повод судската постапка пред Судот за работни односи во Анкара, за избор на адвокатска канцеларија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се овластува Адвокатска канцеларија Џан Беден (Can Beden), адвокат Џан Беден (Can Beden) за прием на сите писмена и застапување на Република Македонија во судскиот спор кој се води во судот 39 во Анкара, под број 2017/104, Република Турција, по поднесена тужба од страна на поранешно ангажирано лице во Амбасадата на Република Македонија во Анкара, Нада Кадех против Република Македонија, Амбасада на Република Македонија во Анкара со основ надомест на оштета за стаж, плата и премии за осигурување.

2. Се задолжува Министерство за надворешни работи да обезбеди финансиски средства за исплата на овластената адвокатска канцеларија и трошоците на

постапката, при што да се има предвид мислењето на Министерството за финансии, дека потребните финансиски средства за исплата на овластената Адвокатска канцеларија и трошоците поврзани со постапката да бидат обезбедени во рамки на одобрениот буџет на Министерството за надворешни работи.

3. Се задолжува Министерство за надворешни работи да склучи договор за услуги со Адвокатска канцеларија Џан Беден (Can Beden) од Република Турција.

4. Се задолжува Државниот правобранител на Република Македонија да издаде овластување за Адвокатска канцеларија Џан Беден (Can Beden), адвокат Џан Беден (Can Beden) од Република Турција.

**Точка 19**

Владата ја донесе Одлуката за прогласување на Спомен - куќата на Лазар Личеноски во Скопје за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење (најнов текст), во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура - Управа за заштита на културното наследство потребните средства за финансирање на активностите за заштита на недвижното културно добро да ги обезбеди во рамки на Буџетот за соодветната година.

**Точка 20**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за прогласување на Црквата Св. Ѓорѓи Победоносец во с. Младо Нагоричане, општина Старо Нагоричане, за културно наследство од особено значење, поткатегорија големо значење, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи Министерството за култура - Управата за заштита на културното наследство потребните средства за финансирање на активностите за заштита на недвижното културно добро, да ги обезбеди во рамки на Буџетот за соодветната година.

**Точка 21**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со статусот со четвртиот јавен повик за финансирање на проекти во рамки на два инструменти на Фондот за иновации и технолошки развој, со предлог решенија за отворени прашања и ја усвои со следниве заклучоците:

1. Се задолжува Управниот одбор на Фондот за иновации и технолошки развој во рок од 5 дена од усвојувањето на оваа информација, да објави меѓународен оглас за избор на членови на Комитетот за одобрување на инвестиции.

2. Се задолжува Фондот за иновации и технолошки развој веднаш по изборот на членовите на Комитетот за одобрување на инвестиции, да ја започне постапката за доставување на предлог проектите до Комитетот за одобрување на инвестиции со цел донесување на одлука за доделување на средства согласно Законот за иновациската дејност.

## Точка 22

Владата ја разгледа Информацијата во врска со барањето на компанијата Димче Мирчев АД - Велес, за упис на експлоатационо поле согласно рударските проекти за рудник „Извор" и рудник „Крнино" за експлоатација на талк, Општина Чашка, а не на целиот концесиски простор утврден и доделен со договорите за концесија и други концесии за експлоатација на минерални суровини за кои има проблем при запишувањето на експлоатациното поле во Агенцијата за катастар на недвижности - Одделение во Велес и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности да изврши прибележување на право на користење во катастарот на недвижности, за земјиштето кое во сопственост на Република Македонија, а на кое е доделена концесијата за екплоатација на минерална суровина-талк на локалитетот „Извор", Општина Чашка, со Договор за концесија бр.24-5541/1 од 13.11.2014 година.

2. Се задолжува Агенцијата за катастар на недвижности во соработка со Државното правобранителство на Република Македонија, да започнат постапка за премер и запишување на правата на недвижностите, по службена должност, за катастарските парцели во КО Извор и КО Теово, а кои се во сопственост на Република Македонија и се дел од просторот дефиниран со: Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „с. Извор", Општина Чашка, бр.24-426/11 од 13.6.2013 година; Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина-кварц на локалитетот „Белутранци" с. Крива Круша, Општина Чашка, бр.24-426/12 од 13.6.2013 година и Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - кварц на локалитетот „с. Теово", Општина Чашка бр.24-427/12 од 13.6.2013 година.

## Точка 23

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини и тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетите „Црвени Брегови 2" општина Неготино; „Пополчани 2" општина Кичево; „Косовица" с. Узем општина Крива Паланка; „с. Беловодица" општина Прилеп и „с. Карамани" општина

Битола по Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини („Службен весник на Република Македонија“ бр.177/16), со Предлог-одлука и текст на Тендерска документација и Јавен повик за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини 2/2017 и ја усвои Информацијата со следниве заклучоци:

1. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини, во предложениот текст.

2. Го одобри најновиот текст на Тендерската документација за доделување на концесии за детални геолошки истражувања на минерални суровини.

**Точка 24**

Владата ја разгледа Информацијата за Национална стратегија за индустриска сопственост на Република Македонија 2016 - 2018 година, со текст на Национална стратегија и Акциски план за спроведување на Националната стратегијата (нови текстови), ја усвои Информацијата и го прифати Акцискиот план за спроведување на Националната стратегијата за индустриска сопственост 2016-2018.

**Точка 25**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесената иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-песок на локалитетот с. Стримница општина Желино, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 26**

Владата, на предлог на предлагачот, го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со поднесената Иницијатива за започнување на постапка за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Страгомиште“, Општина Кичево за наредната седница на Владата, откако претходно истата ќе се разгледа на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 27**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на

локалитетот „с. Летевци“ општина Петровец, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за  детални геолошки истражувања (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 28**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Бадар-Лака“ општина Петровец, со Предлог-одлука (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 29**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - травертин на локалитетот „Милеви Ниви“ с. Врпско Општина Прилеп, со Предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 30**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина- песок и чакал на локалитетот „Орловац Поле“ општина Куманово, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапка за  детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 31**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Дрење“, општина Петровец, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на иницијативата за започнување на постапката за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 32**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - варовник на локалитетот „Горна Краста“ општина Струга, со Предлог-одлуки, ја усвои

Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 33**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за вршење на детални геолошки истражувања на минерална суровина - јаглен на локалитетот „Славеј“ Општина Прилеп и Општина Кривогаштани, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата откако претходно ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски системи тековна економска политика, поради потребата од дополнително усогласување.

**Точка 34**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина - мермер на локалитетот „Преслоп“ општина Прилеп, со Предлог-одлуки (нов текст), ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Иницијативата за започнување на постапка за детални геолошки истражувања, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за потребата од потпишување на Анекс бр.2 кон Договорот за градба бр.09-25365/1 од 1.8.2012 година за изградба на нова автопатска делница Демир Капија - Смоквица, како дел од Пан - Европскиот Коридор 10 и Анекс кон Договорот за надзор бр.09-24859/1 од 4.7.2012 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се укажува на ЈП Македонски железници Инфраструктура - Скопје да назначи техничко лице кое ќе го надгледува изведувањето на работите за вкрстувањето на железничката пруга Скопје - Гевгелија на км 589+412 со 20 КВ со кабелски вод, во рок од три дена.

2. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Анексот на Договорот за надзор на градежните работи да го достави на одобрување во Делегацијата на Европска Унија, во рок од 15 дена по добивање на сите неопходни документи потребни за подготовка на Анексот од страна на надзорот, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта.

3. Се задолжува Министерството за финансии - Сектор за централно финансирање и склучување на договори, Анексот на Договорот за градежните работи да го достави на одобрување во Делегацијата на Европска Унија, во рок од 15 дена по добивање на сите

неопходни документи потребни за подготовка на Анексот од страна на изведувачот, надзорот, Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта.

4. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, а се укажува на ЈП за државни патишта, навремено да ги започнат активностите потребни за издавање на дозвола за употреба на новиот автопат, со цел почитување на рокот предвиден во Договорот за градба.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата за донесување на правилник за изменување на Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност на Правилникот за изменување на Правилникот за висината на надоместокот за извршените работи на Државниот инспекторат за земјоделство, во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотациите за општините (нов текст) и ја усвои со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за образование и наука, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за култура и Министерството за внатрешни работи, а се препорачува на ЗЕЛС, да номинираат по еден претставник во работната група за подготовка на детална анализа на состојбите, со предлог за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотациите за општините и номинациите да ги достават до Министерството за локална самоуправа, во рок од седум дена.

2. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, во рок од три дена од денот на добивањето на сите номинации да формира работна група, чија работа ќе ја координира претставникот од Министерството за локална самоуправа, за подготовка на детална анализа на состојбите со предлог за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотациите за општините, во која ќе вклучи домашни и странски експерти.

3. Се задолжува Министерството за локална самоуправа, да подготви и до Владата да достави информација за направената анализа на состојбите со предлог за редефинирање на начинот и утврдување на критериумите за наменските и блок дотациите за општините, најдоцна до јуни 2018 година

**<u>Точка 38</u>**

Владата ја разгледа Информацијата за степенот на имплементација на реформските мерки во областа на енергетиката (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за економија во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, во рок од седум дена да формира работна група за реализација и следење на активностите од меките мерки за електрична енергија со претставници од Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за финансии, Регулаторна комисија за енергетика, АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и Комисијата за заштита на конкуренција.

2. Се задолжуваат Канцеларијата на претседателот на Владата на Република Македонија, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Министерството за финансии, Регулаторната комисија за енергетика, АД МЕПСО, АД ЕЛЕМ и Комисијата за заштита на конкуренција во рок од седум дена до Министерството за економија да достават номинации на лица за формирање на Работната група за реализација и следење на активностите од меките мерки за електрична енергија.

3. Се задолжува Работната група за реализација и следење на активностите од меките мерки за електрична енергија, континуирано да одржува работни состаноци, најмалку еднаш во месецот и за напредокот во реализацијата на мерките редовно, на секои два месеци Министерството за економија во координација со Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да ја информира Владата.

4. Се задолжува Работната група за реализација и следење на активностите од дел 1 - подобрување на управувањето со енергетска ефикасност од Повелбата за одржливост, континуирано да одржува работни состаноци, најмалку еднаш во месецот, и за напредокот во реализацијата на мерките редовно, на секои два месеци Министерството за економија да ја информира Владата.

5. Се задолжува Работната група за реализација и следење на активностите од дел 2 - спроведување на мерки за поддршка на подобрувањето на одржливите енергетски системи од Повелбата за одржливост, континуирано да одржува работни состаноци, најмалку еднаш во месецот, и за напредокот во реализацијата на мерките редовно, на секои два месеци Министерството за економија да ја информира Владата.

6. Се задолжува Министерството за животна средина и просторно планирање рок од седум дена да формира работна група за реализација и следење на активностите од дел 3 - мерки за климатски промени од Повелбата за одржливост, со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за економија, Министерството за финансии, МАНУ и Агенцијата за енергетика на Република Македонија.

7. Се задолжуваат Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања, Министерството за економија, Министерството за финансии, МАНУ и Агенцијата за енергетика на Република Македонија во рок од седум дена до Министерството за животна средина и просторно планирање да достават номинации на лица за формирање на Работната група за реализација и следење на активностите од дел 3 - мерки за климатски промени од Повелбата за одржливост.

8. Се задолжува Работната група за реализација и следење на активностите од дел 3 - мерки за климатски промени од Повелбата за одржливост, континуирано да одржува работни состаноци, најмалку еднаш во месецот, и за напредокот во реализацијата на мерките редовно, на секои два месеци Министерството за животна средина и просторно планирање да ја информира Владата.

9. Се задолжува Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори, во рок од седум дена да формира работна група за реализација и следење на активностите од дел 4 - мерки за транспарентност на одржливи енергетски системи од Повелбата за одржливост, со претставници од Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија.

10. Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за транспорт и врски, министрите без ресор задолжени за привлекување на странски инвестиции и Агенцијата за странски инвестиции и промоција на извозот на Република Македонија во рок од седум дена до Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, да доставаат номинации на лица за формирање на Работната

група за реализација и следење на активностите од дел 4 - мерки за транспарентност на одржливи енергетски системи од Повелбата за одржливост.

11. Се задолжува Работната група за реализација и следење на активностите од дел 4 - мерки за транспарентност на одржливи енергетски системи од Повелбата за одржливост, континуирано да одржува работни состаноци, најмалку еднаш во месецот и за напредокот во реализацијата на мерките редовно, на секои два месеци Кабинетот на заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација со економските ресори да ја информира Владата.

12. Се задолжува Министерството за економија на секои два месеци до Секретаријатот на Енергетската заедница да доставува информации за напредокот во реализација на мерките согласно информациите доставени од работните групи од заклучокот бр. 3, 4, 5, 8 и 11.

## Точка 39

Владата го разгледа Извештајот за учеството на припадник на Армијата на Република Македонија во мировната операција Алтеа во Босна и Херцеговина, во периодот декември 2016 - јуни 2017 година, го прифати и заклучи да го достави до Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана.

## Точка 40

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на придонесот на Република Македонија во операцијата на ООН - УНИФИЛ во Либан, во заеднички контингент со Република Италија и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за одбрана да продолжи со консултациите со Република Италија за регулирање на ангажирањето на двајца штабни офицери во италијанскиот контингент во УНИФИЛ, како и да ги подготви потребните документи за регистрирање на идниот ангажман во ООН.

Ангажирањето да започне не порано од 2018 година.

2. Се задолжува Министерството за одбрана, после завршените консултации со Република Италија и ООН, во рок од пет дена да ја информира Владата за договорените активности во врска со зголемувањето на придонесот на Република Македонија во операцијата на ООН - УНИФИЛ во Либан, во заеднички контингент со Република Италија.

## Точка 41

Владата го донесе новиот текст на Методологијата за изменување на Методологијата за начинот на формирање на цените на лековите, во предложениот текст.

## Точка 42

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за едукација на лекари и медицински персонал и за кофинансирање на специјализација, односно супспецијализација на здравствените работници и здравствените соработници вработени во приватни здравствени установи, други правни лица и невработени за 2017 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 43

Владата го разгледа новиот текст на Предлог-програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија во 2017 година и условно ја донесе Програмата за изменување на Програмата за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија во 2017 година, со заклучок предлагачот да го усогласи текстот на Програмата со Министерството за финансии.

## Точка 44

Владата го донесе новиот текст на Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на средни училишта за 2017 година, во предложениот текст.

## Точка 45

Владата ја донесе Програмата за изменување на Програмата за изградба и реконструкција на основни училишта за 2017 година (нов текст), во предложениот текст.

## Точка 46

Владата ја разгледа Информацијата за прогрес на активностите во врска со Проектот за изградба на спортска сала за потребите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжува Министерството за образование и наука, да не доставува повеќе информации за прогресот на активности во врска со Проектот за изградба на спортска сала за потребите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид.

2. Се укажува на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ - Охрид, да продолжи со активностите поврзани со реализација на Проектот за изградба на спортска сала за потребите на Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и за истото до Владата да доставува квартални извештаи за прогрес.

Истовремено, Владата заклучи сите активности во врска со овој проект да се димензионираат согласно одобрените износи на расходи за соодветната фискална година.

<u>Точка 47</u>

Владата ја разгледа Информацијата за потпишување на Декларација за намери во врска со Иницијативата за основање на Меѓународен институт за одржливи технологии на територијата на Југоисточна Европа, со текст на Декларација (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Декларацијата за намери за основање на Меѓународен институт на Југоисточна Европа за одржливи технологии.

2. Се задолжува Министерството за надворешни работи да ги преземе сите неопходни мерки за спроведување на постапката за потпишување на Декларацијата за намери за основање на Меѓународен институт на Југоисточна Европа за одржливи технологии.

3. Се овластува д-р Рената Тренеска-Дескоска, министер за образование и наука да ја потпише Декларацијата за намери за основање на Меѓународен институт на Југоисточна Европа за одржливи технологии.

4. Се задолжува Министерството за образование и наука по потпишување на Декларацијата за намери во врска со иницијативата за основање на Меѓународниот институт за одржливи технологии на територијата на Југоисточна Европа на редовна основа да ја информира Владата за сите понатамошни активности за основање на Меѓународниот институт за одржливи технологии на територијата на Југоисточна Европа, како и за евентуалните обврски кои би ги имала Владата на Република Македонија, вклучувајќи и финансиски импликации со основањето на самиот Меѓународен институт за одржливи технологии на територијата на Југоисточна Европа.

<u>Точка 48</u>

Владата ја разгледа Информацијата за измена на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година, со текст на Оперативен план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го прифати новиот текст на Оперативниот план за изменување на Ревидираниот оперативен план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2017 година.

2. Се укажува на Агенцијата за вработување на Република Македонија, во рок од 30 дена од подсметката на Посебен фонд да префрли средства во износ од 34.000.000,00 денари на сметка на Министерството за труд и социјална политика, заради рефундирање на средствата за придонес за пензиско и инвалидско осигурување, придонес за здравствено осигурување и придонес за вработување на инвалидни лица, како и рефундирање на средства за придонес за пензиско и инвалидско осигурување за вработените во заштитните друштва кои не се инвалидни лица и инвалиди на трудот.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за утврдување на максималниот износ на ново задолжување преку издавање на државни хартии од вредност на домашниот финансиски пазар во 2017 година, во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за еднostран раскин на Договорот за концесија за експлоатација на минерална суровина - песок и чакал на локалитетот „Драчево", општина Аеродром, во предложениот текст.

**Точка 51**

Владата ја донесе Одлуката за намалување на концесијата за експлоатација на минерална суровина - доломит на локалитетот „Чајле", Општина Гостивар на Акционерското друштво за производство на неметални минерали „Силика - Рудник Чајле", с. Чајле, Гостивар, во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја одложи од разгледување Предлог-одлуката за давање согласност за пренос на концесија за експлоатација на минералната суровина - мермер на локалитетот „Галабовец - Нови Присад", општина Прилеп од Трговското друштво за производство, трговија и услуги Орто Мермери ДОО увоз-извоз Скопје на Акционерското друштво за производство и преработка на мермер Фимар Балкан АД Скопје за наредната седница на Владата на предлог на предлагачот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 53**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на  недвижна ствар  на Општина Струмица, во предложениот текст.

**Точка 54**

Владата го разгледа Барањето на Фатима Саеед Мохамед Алкемзи, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид Мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 55**

Владата го разгледа Барањето на Кхалифа Аднан Али Рашид Алабаар, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид Мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 56**

Владата го разгледа Барањето на Аднан Али Расхид Алаббар Алаббар, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 57**

Владата го разгледа Барањето на Момен Абдо Схамакх Нассер за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 58**

Владата го разгледа Барањето на Мохаммед Абдо Схамакх Нассер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 59**

Владата го разгледа Барањето на Абдосхамакх Нассер Ахмед Нассер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанство на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 60**

Владата го разгледа Барањето на Муниа Абдо Шамакх Нассер, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и утврди позитивно мислење по Барањето, имајќи ги предвид Мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија.

**Точка 61**

Владата го разгледа Барањето на Фатемах Абдулкарим Алмасс Џаффар, за прием во државјанство на Република Македонија, согласно член 11 од Законот за државјанството на Република Македонија и врз основа на мислењата на Министерството за финансии и Министерството за економија утврди позитивно мислење по Барањето.

**Точка 62**

Владата ја донесе Одлуката за  престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Медицинскиот факултет - Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” - Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 63**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за  престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Јавната здравствена установа Универзитетска клиника за државна кардиохирургија - Скопје, во предложениот текст.

**Точка 64**

Владата го разгледа Предлог-законот за остварување право на пензија за работниците во рударството, предложен од група пратеници и притоа го утврди следното мислење:

Со предложениот Предлог-закон се уредува остварување право на старосна пензија за работниците кои работат на работни места и работи кои се изведуваат под земја во рударската дејност во Република Македонија. Имено, се предлага работниците кои работат на работни места и работи кои се изведуваат под земја во рударската дејност

на кои стажот на осигурување им се смета со зголемено траење на кои ефективно поминати 12 месеци се сметаат во стаж на осигурување како 17 и 18 месеци, право на старосна пензија да остварат со навршување на 40 години пензиски стаж (маж), односно 35 години пензиски стаж (жена). Во воведниот дел на Предлог-законот е наведено дека истиот ќе предизвика фискални импликации врз Буџетот на Република Македонија, но истите не се квантифицирани. Предложениот закон за остварување право на старосна пензија за работниците во рударството содржи одредби за остварување право на старосна пензија само со навршен пензиски стаж. Ова решение отстапува од системските одредби за остварување право на старосна пензија за осигуреници кои работат на работни места на кои стажот на осигурување се смета со зголемено траење.

Имено со член 19 од Законот за Законот за пензиското и инвалидското осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 98/2012, 166/2012, 15/2013, 170/2013, 43/2014, 44/2014, 97/2014, 113/2014, 160/2014, 188/2014, 20/2015, 61/2015, 97/2015, 129/2015, 147/2015, 154/2015, 173/2015, 217/2015, 27/2016, 120/2016 и 132/2016) се уредуваат условите за старосна пензија за оваа категорија на осигуреници. Со ставот 1 се уредува дека на осигуреникот на кого стажот на осигурување му се смета со зголемено траење, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува зависно од степенот на зголемувањето на стажот, и тоа за по една година, а со став 2 од истиот член на осигуреникот на кого ефективно поминати 12 месеци стаж на осигурување се смета како стаж на осигурување со зголемено траење на работни места и работи кои се изведуваат под земја и кој во текот на осигурувањето бил распореден на работи и работни места со различни степени на зголемување на стажот на осигурување, старосната граница за стекнување право на старосна пензија се намалува за секој период поминат на работно место со одреден степен на зголемување на стажот пропорционално на времето поминато на тоа работно место со намалување на старосната граница од став (1) на овој член. Вкупното намалување на старосната граница се утврдува како збир на пропорционално утврдените намалувања за секој поединечен период. Согласно програмските активности на Министерството за труд и социјална политика во делот на заштита на правата на работниците и подобрување на условите за работа се преземаат активности за воведување на регистар за професии коишто се изложени на определен степен на ризик. Истовремено, со поддршка на Светска банка ќе се изврши ревизија на досегашниот систем на утврдување на работни места на коишто стажот на осигурување се смета со зголемено траење, дефинирање на критериуми, односно кои работи (функции) се опасни и штетни по здравјето и животот на работникот и покрај преземање на сите заштитни механизми или мерки, дефинирање на нов концепт на предвремено пензионирање за работници кои работат на работни места кои се опасни и штетни по здравјето, како и за специфичните професии со дефинирање на возраста за пензионирање комбинирано со утврдени години поминати на бенефицирани работни места.

Согласно горенаведеното, Владата на Република Македонија дава негативно мислење по предложениот закон.

## Точка 65

Владата го разгледа Предлог-законот за издавање на вредносни бонови - ваучери, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Во врска со Предлог-законот за издавање на вредносни бонови-ваучери, по скратена постапка, поднесен од група пратеници од Собранието на Република Македонија, во Буџетот на Министерството за информатичко општество и администрација за 2017 година нема предвидено и обезбедено средства за оваа намена. Воедно, во Годишниот план за работа на Министерството не е предвидено донесување на горе споменатиот закон.

Со доставениот Предлог-закон се предлага утврдување на законско решение со кое ќе се овозможи издавање на вредносни бонови - ваучери во номинална вредност од 18.600 денари. Истиот би ги опфатил редовните студенти од семејствата чии месечни приходи не го надминуваат износот од две просечни месечни нето плати, односно 45.344 денари нето приход, кои за прв пат се запишани во трета и четврта година, како и за студентите кои се евидентирани како лица со посебни потреби запишани на студии на високообразовните установи во Република Македонија, во било која година на студии.

Финансиските средства кои би биле неопходни да се обезбедат, со цел реализација на Предлог-законот се прикажани во висина од 279.000.000 денари.

Поради горенаведеното, Владата на Република Македонија дава негативно мислење по Предлог-законот за издавање на вредносни бонови-ваучери, по скратена постапка, поднесен од група пратеници од Собранието на Република Македонија.

Воедно, Ве известуваме дека Министерството за информатичко општество и администрација, во соработка со Министерството за финансии во наредните фискални години ќе се обиде да обезбеди средства за реализација, односно имплементација на Предлог-закон, со кој ќе се уредува постапката за издавање и искористување на вредносните бонови-ваучери, кои ќе се користат за набавка на компјутер, за потребите на редовните студенти државјани на Република Македонија.

## Точка 66

Владата го разгледа Барањето за давање автентично толкување на член 1 и 2 од Законот за продажба и давање под закуп на деловни згради и деловни простории на Република Македонија, поднесено од градоначалникот на Општина Крива Паланка и притоа го утврди следното мислење:

Со член 68, став 1, алинеја 2 од Уставот на Република Македонија, согласно кој Собранието на Република Македонија донесува закони и дава автентично толкување на законите, како и член 175 од Деловникот на Собранието на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 91/08, 119/10 и 23/13), според кој барање за давање на автентично толкување на закон може да поднесе секој пратеник, Владата на Република Македонија, Врховниот суд на Република Македонија, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, градоначалниците на општините и на Градот Скопје и советите на општините и на Градот Скопје, доколку потребата од автентично толкување настанала во врска со примена на законите во нивното работење и член 176 од Деловникот, согласно кој барањето за давање на автентично толкување на закон се поднесува до претседателот на Собранието, кое доколку Законодавно - правната комисија оцени дека е оправдано и изготвен предлог на автентично толкување, расправа и одлучува по предлогот на иста седница.
Според истиот член од Деловникот, автентичното толкување се објавува во „Службен весник на Република Македонија".

Со членот 1 од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 69/13, 104/15, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/2016 и 106/2016), се уредуваат условите, начинот и постапката за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории над кои права, должности и одговорности во поглед на користењето, управувањето и располагањето има Република Македонија освен ако со друг закон поинаку не е уредено.

Со членот 2 од законот се дефинира дека под поимот деловен простор, согласно овој закон се подразбира просторот:

1) даден на стопанисување на трговски друштва основани од државата,
2) во сопственост или даден на користење на фондови, агенции, дирекции, јавни претпријатија, јавни установи, независни регулаторни тела основани од државата и други институции основан од државата и
3) во сопственост или даден на користење на трговски друштва во доминантна сопственост на државата.

Од предметните одредби произлегува дека истите се јасни и прецизни и се однесуваат на продажба и давање под закуп само на деловните згради и деловните простории над кои користење, управување и располагање има Република Македонија.
Во истите таксативно се утврдени субјектите чиј деловен простор е предмет на овој закон, во кои не спаѓаат јавните претпријатија основани од општината.
Имајќи го предвид напред наведеното, Владата на Република Македонија смета дека член 1 и 2 од Законот за продажба и давање под закуп на деловните згради и деловните простории на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 13/13, 69/13, 104/13, 27/14, 42/14, 178/14, 180/14, 51/15, 61/15, 129/15, 6/16 и 106/16), се јасни и нема потреба од нивно автентично толкување

**Точка 67**

Владата го разгледа Решението на Уставниот суд на Република Македонија У.бр.29/2015 донесено на седницата одржана на 21 јуни 2017 година, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 175 од Законот за електронските комуникации („Службен весник на Република Македонија“ бр. 39/2014, 188/2014, 44/2015 и 193/2015) и притоа го утврди следново мислење

Членот 175 од Законот за електронските комуникации, го уредува следењето на комуникациите, од страна на овластениот орган за следење на комуникации. Согласно член 7 точка 7) од Законот за следење на комуникациите („Службен весник на Република Македонија“ бр. 121/2006, 110/2008 и 116/2012) тоа е јавниот обвинител, Министерството за внатрешни работи, Управата за финансиска полиција, Царинската управа и Министерството за одбрана. Министерството за одбрана е овластен орган за следење на комуникациите само во делот на фреквентниот спектар на радио бранови на високи, многу високи и ултра високи фреквенции (HF, VHF и UHF) кои се одредени за потребите на одбраната.

Во членот 175 од Законот за електронските комуникации е пропишано дека операторите се должни да ги обезбедат сите неопходни технички услови за да овозможат следење на комуникациите во нивните мрежи, согласно со Законот за следење на комуникациите. Операторите се должни на сопствен трошок да обезбедат и одржуваат опрема, соодветен интерфејс и да воспостават електронски комуникациски водови за пренос до овластениот орган за следење на комуникации, со цел да се овозможи следењето на комуникациите во нивната мрежа, согласно со Законот за следење на комуникациите. При набавката на опремата и интерфејсот, операторите се должни од овластениот орган за следење на комуникации да побараат техничка спецификација за видот и карактеристиките на истите. Овластениот орган за следење на комуникации ги утврдува мерките и стандардите за информациска безбедност, кои треба да ги примени операторот на јавни електронски комуникациски мрежи и/или услуги во врска со неговите обврски за следење на комуникациите. Во случај кога операторите имаат воведено компресија или криптозаштита на комуникацискиот сообраќај, се должни да ја отстранат истата, пред да ја достават содржината на следената комуникациска услуга до овластениот орган за следење на комуникации. Операторите имаат обврска да му овозможат на овластениот орган за следење на комуникации, следење на комуникациите во реално време. Информацијата за следената комуникација треба да биде на располагање веднаш по завршувањето на комуникацијата, а следењето на комуникацијата треба да биде непрекинато за цело време на нејзиното траење. Операторите имаат обврска да обезбедат точно и еднозначно поврзување на информацијата за следената комуникација со содржината на комуникацијата која се следи. Операторите треба да обезбедат лицето чии комуникации се следат или друго неовластено лице, да не забележи каква било промена во квалитетот на комуникациската услуга која може да биде предизвикана со примена на мерката следење на комуникациите.

Функционирањето на следената комуникациска услуга треба да остане непроменето за лицето чии комуникации се следат. Операторите треба да обезбедат иста или поголема сигурност и квалитет на следената комуникациска услуга од сигурноста и квалитетот на комуникациските услуги кои му се овозможени на лицето чии комуникации се следат. Агенцијата ќе спроведе постапка на надзор над оператор во врска со исполнувањето на обврските утврдени со овој член, по барање на овластен орган за следење на комуникациите,

По поднесената Иницијатива од Новица Наков од Скопје, Уставниот суд на Република Македонија, со Решение У.бр.29/2015, донесено на седницата одржана на 21 јуни 2017 година, поведе постапка за оценување на уставноста на членот 175 од Законот за електронските комуникации. Како образложение на Решението да се поведе постапка за оценување на уставноста на членот 175 од Законот за електронските комуникации, е наведено дека имајќи ја предвид содржината на наведениот член се поставува прашање околу согласноста на истиот со член 8 став 1 алинеи 1, 3 и 11 од Уставот на Република Македонија, Амандманот XIX со кој се заменува членот 17 од Уставот, член 18, член 25 и член 26 од Уставот на Република Македонија.

Со членот 8 алинеи 1, 3 и 11 од Уставот е пропишано дека темелни вредности на уставниот поредок на Република Македонија се основните слободи и права на човекот и Граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот, владеењето на правото и почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Со Амандманот XIX со кој се заменува членот 17 од Уставот, е утврдено дека се гарантира слободата и неповредливоста на писмата и на сите други облици на комуникација. Само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдена со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и другите облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Со членот 18 од Уставот е утврдено дека се гарантираат сигурноста и тајноста на личните податоци. На граѓаните им се гарантира заштита од повреда на личниот интегритет што произлегува од регистрирањето на информации за нив преку обработка на податоците.

Со членовите 25 и 26 од Уставот е пропишано дека на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот. Се гарантира неповредливоста на домот. Правото на неповредливост на домот може да биде ограничено единствено со судска одлука кога е во прашање откривање или спречување на кривични дела или заштита на здравјето на луѓето.

Од анализата на членот 175 од Законот за електронските комуникации, во споредба со наведените членови од Уставот на Република Македонија, може да се утврди дека без оглед на фактот дали членот 175 од Законот за електронските комуникации може да се сфати како чисто техничка норма или пак истата согласно мислењето на Уставниот суд не може да биде земена како техничка норма, затоа што на истата се повикува членот 168 став (2) од Законот за електронските комуникации, сепак истата воопшто не е во спротивност со ниту еден од членовите на Уставот на Република Македонија.

Имено, од ставовите (1) и (2) од Законот за електронските комуникации, е сосема јасно дека начинот и постапката на следење на комуникациите ќе бидат согласно Законот за следење на комуникациите, кој пак е Закон кој директно произлегува од Амандманот XIX со кој се заменува членот 17 од Уставот на Република Македонија и се донесува со двотретинско мнозинство. Останатите ставови, односно ставовите (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) ги утврдуваат обврските за операторите за да може да се реализира следењето на комуникациите согласно постапката утврдена во Законот за електронските комуникации, кој има непосредна уставна основа. Од тие причини, со укинувањето или поништувањето на членот 175 од Законот за електронските комуникации, единствено ќе се укине обврската на операторите да обезбедат технички средства за следење на комуникациите, со што и самиот Закон за следење на комуникациите ќе стане нефункционален и неприменлив во пракса, односно согласно тој Закон операторите повторно ќе добиваат наредби за следење на комуникациите, кои пак ќе треба да се реализираат на начин на кој што операторите тоа ќе сакаат да го направат, а не со технички средства кои се предвидени согласно овој закон. Од наведеното произлегува дека членот 175 од Законот за електронските комуникации воопшто не навлегува во постапката за следење на комуникациите, што е и сосема оправдано, затоа што согласно Амандманот XIX од Уставот, само врз основа на одлука на суд, под услови и во постапка утврдена со закон, може да се отстапи од правото на неповредливост на писмата и другите облици на комуникација, ако тоа е неопходно заради спречување или откривање кривични дела, заради водење кривична постапка или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Републиката. Законот се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Оттука, Законот за следење на електронските комуникации кој е донесен со двотретинско мнозинство, а кој уредува по чиј налог и на кој начин се следат електронските комуникации, може да биде предмет на оценка во однос на неговата усогласеност со Уставот на Република Македонија, а не и членот 175 од Законот за електронските комуникации.

Поради ова, Владата на Република Македонија, му предлага на Уставниот суд на Република Македонија да ја запре постапката за оценување на уставноста на член 175 од Законот за електронските комуникации.

**Точка 68**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ристо Папазов за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.53378 за КО Карпош на КП 3327 викано место/улица ул. Прашка и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 69**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Славчо Алексов од Виница за продажба на недвижен имот, земјиште кое претставува 2/5 идеален дел од КП 7611, КО Блатец, евидентиран во Имотен лист бр.2122 и не ја прифати Понудата, имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 70**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Славчо Алексов од Виница за продажба на недвижен имот, со Имотен лист бр.83885 за КО Виница на КП 10037/2 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид Мислењето на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Зафир Хаџи - Зафиров од Скопје за купопродажба на недвижен имот во Скопје со Имотен лист бр. 4187 за КО Брњарци на КП бр.269 и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 72**

Владата го разгледа Известувањето од извршител Зоран Петрески за заклучок за усна јавна продажба (врз основа на член 179 став 1 и член 181 став 1 од Законот за извршување), доставен под И.бр.4370/15 и по Известувањето, ги усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и Мислењето на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 73**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 74**

**1.** Владата го разгледа и го прифати Известувањето за активностите поврзани со кризната состојба на дел од територијата на Република Македонија за периодот од 2.10.2017 до 7.10.2017 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Македонија и Собранието на Република Македонија.

**2.** По повод укажувањето на Билен Саљији, министер за правда во врска со постапката за експропријација на земјиштето каде е планирана изградбата на Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, Владата заклучи:
- Се задолжува Министерството за образование и наука, во соработка со Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии да подготви и за наредната седница на Владата да достави информација за тоа до каде е постапката за експропријација на земјиштето на кое е планирана изградбата на овој комплекс.

**3.** По повод укажувањето на Самка Ибраимовски, министер без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, а во врска со висината на надоместокот на годишно ниво што го наплаќа државата врз основа на концесиски надоместок, согласно Законот за минерални суровини, колку финансиски средства одат на сметките на општините, а колку завршуваат во централниот буџет, колкав е процентот на наплата на надоместокот, кои правни лица се должници по овој основ и колкава е висината на ненаплатени финансиски средства, Владата заклучи:
- Се задолжуваат Министерството за финансии, Министерството за економија и Министерството за локална самоуправа за ова до Владата да достават информација

**Точка 75**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со можноста за изменување на законските одредби од член 66 од Законот за хемикалии што се однесува на точно дефиниран стручен кадар од соодветната област кој треба да се вработи за да се добие одобрение за вршење дејност промет на големо со хемикалии (нов текст), како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за извршувањето на потставките 412110 - Постојана резерва (непредвидливи расходи) и 413110 - Тековни резерви (разновидни расходи) од Буџетот на Република Македонија за периодот од 1 јануари до 30 јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со полугодишниот Финансиски и Оперативен извештај за аеродромите „Александар Велики“ - Скопје и „Св. Апостол Павле“ - Охрид, на ТАВ Македонија ДООЕЛ, за периодот јануари - јуни 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата ја разгледа Информацијата за квалитет на воздухот во Република Македонија за август 2017 година, како материјал за информирање.

**Точка 79**

Владата го разгледа новиот текст на Среднорочниот извештај за самооценување - Акциски план за Отворено владино партнерство за 2016-2018 година, како материјал за информирање, со следното дополнување согласно мислењето на Министерството за труд и социјална политика:

- Во точката „7. јавни услуги" потточката „7.1 Поволна правна средина за социјални договори", во делот на статусот на реализација на заложба да се додаде нова точка „7.1.6 Основање на бизнис активности и зајакнување на социјалното влијание на 10 ГО преку регрантирање на креативни решенија за решавање на социјални проблеми.

**Точка 80**

Владата ја разгледа Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан и ја утврди Предлог -одлуката, со следниве заклучоци:

1. Текстот на Предлог-одлуката за изменување на Одлуката за испраќање на припадник на Армијата на Република Македонија за учество во мировната операција на Обединетите нации, УНИФИЛ во Либан да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Усогласениот текст на Предлог-одлуката да се достави до Собранието на Република Македонија, со предлог Собранието да ја донесе Одлуката.

За претставници на Владата на Република Македонија во Собранието се определени м-р Радмила Шекеринска- Јанковска, заменик на претседателот на Владата и министер за одбрана и д-р Беким Максути, заменик на министерот за одбрана, а за повереник Драган Николиќ, државен секретар во Министерството за одбрана.

**Точка 81**

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за учество на македонската делегација на 3-от Министерски форум за културна соработка меѓу НР Кина и земјите од Централна и од Источна Европа во Ханγџоу, Кина (процес 16+1) и иницијативата за основање на Координативниот центар за културна соработка со седиште во Скопје, поради потребата истата да се разгледа во редовна Владина постапка.

**Точка 82**

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од потпишување на Меморандум за разбирање, со цел придонес во надминување на состојбите поврзани со работењето на Друштвото за производство, трговија и услуги ЈУГОХРОМ АЛЗАР ДООЕЛ Јегуновце, со текст на Меморандум и ја усвои со заклучок:
- Се овластува заменикот на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и за координација со економските ресори, д-р Кочо Анѓушев, во име на Владата на Република Македонија да го потпише Меморандумот за разбирање со претставниците на Управата и Синдикатот на ЈУГОХРОМ АЛЗАР ДООЕЛ.

## Точка 83

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од реалокација на ИПА средства од приоритетна оска 2, 3 и 4 во приоритетна оска 1, во рамки на Оперативната програма за регионален развој 2007-2013, со Ревидиран финансиски план и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Го усвои Ревидираниот финансиски план за Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 година- Анекс 1 кон Информацијата за потреба од реалокација на ИПА средства од приоритетна оска 2, 3 и 4 во приоритетна оска 1 во рамки на Оперативната програма за регионален развој 2007-2013.

2. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски и Министерството за животна средина и просторно планирање, да ја ревидираат Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 и да го изготват барањето за измена на Одлуката на Европската комисија за одобрување на максималниот износ на ИПА средства за Проектот за изградба на автопатската делница Демир Капија - Смоквица на Коридорот X и истите да ги достават до Министерството за финансии - сектор за централно финансирање и склучување договори, во рок од три дена по усвојувањето на оваа информација.

3. Се задолжува Министерството за финансии - сектор за централно финансирање и склучување договори, да ја достави ревидираната Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 до членовите на Секторскиот комитет за следење на имплементацијата на Оперативната програма за регионален развој на разгледување и одобрување во рок од пет дена по добивање на документите од двете ресорни министерства.

4. Се задолжува Министерството за финансии - сектор за централно финансирање и склучување договори, да ја достави ревидираната Оперативната програма за регионален развој 2007-2013 и барањето за измена на одлуката на Европската комисија за одобрување на максималниот износ на ИПА средства за Проектот за изградба на автопатската делница Демир Капија - Смоквица на Коридорот X до д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и

координација на економските ресори, веднаш по добивање на одобрување од страна на членовите на Секторскиот комитет.

5. Се задолжува д-р Кочо Анѓушев, заменик на претседателот на Владата, задолжен за економски прашања и координација на економските ресори, стратешки координатор за ИПА компонентата за регионален развој, да го достави барањето за реалоцирање на средства од приоритетна оска 2, приоритетна оска 3 и приоритетна оска 4 во приоритетна оска 1 и ревидираната Оперативната програма за регионален развој 2007-2013, како и барањето за измена на Одлуката на Европската комисија за одобрување на максималниот износ на ИПА средства за Проектот за изградба на автопатската делница Демир Капија - Смоквица на Коридорот X, до Директоратот за регионални и урбани политики на Европската комисија, најдоцна до 25 октомври 2017 година.

**Точка 84**

Владата ја разгледа Информацијата за распределба на средствата од буџетската ставка на Министерство за транспорт и врски на име „капитални дотации до единиците на локалната самоуправа, потпрограма - поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите“, за 2017 година (нов текст) и ја усвои со следниве заклучоци:

1. Се задолжуваат Кабинетот на министерот без ресор, задолжен за имплементација на Националната стратегија за подобрување на состојбата на Ромите во Република Македонија, Министерството за финансии и Министерството за труд и социјална политика, да направат распределба на 10.000.000.00 денари за 2017 година на име „капитални дотации до единиците на локалната самоуправа, потпрограма - поддршка на имплементацијата на Декадата и Стратегијата за Ромите”, алоцирани во Министерството за транспорт и врски и до крајот на годината до Владата да предложат Предлог-одлука за распределување на овие финансиски средства.

2. Се задолжува Министерството за транспорт и врски, во рок од еден месец да ја извести Владата за реализираното во врска со ова прашање.

*

* *

На седницата се водени стенографски белешки.
Седницата заврши во 15:10 часот.

| ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА |
|---|---|
| **д-р Драги Рашковски** | **Оливер Спасовски** |